20201882351

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 став 1 точка 69 и 70 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија број 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на седницата одржана на 29 мај 2020 година, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ ДОГОВОРИ И ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ НА ПРИРОДНИ ЛЕКУВАЛИШТА КОИ ВРШАТ СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА МЕДИЦИНСКА РЕХАБИЛИТАЦИЈА КАКО ПРОДОЛЖЕНО БОЛНИЧКО ЛЕКУВАЊЕ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО КОНСУЛТАТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги кои ги пружаат природните лекувалишта кои вршат специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување и специјалистичко консултативна здравствена заштита на осигурените лица, на товар на средствата на Фондот, од задолжително здравствено осигурување во мрежата на здравствени установи.

Критериуми за склучување на договор

Член 2

За обезбедување на здравствени услуги на осигурените лица во природните лекувалишта кои вршат специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување и специјалистичко консултативна здравствена заштита, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Фонд) склучува договори со природните лекувалишта.

Договорите од став 1 на овој член се склучуваат доколку здравствената установа ги исполнува следните критериуми:

1) да укажува здравствени услуги што се во рамките на дејноста за која е регистрирана согласно Законот за здравствената заштита;

2) да постојат услови за вршење на соодветната дејност (простор, опрема и кадар) согласно Решение за дозвола за работа на здравствени установи и/или Договор за лиценца за вршење на здравствена дејност во мрежата на здравствени установи и список за дејности потпишан од директорот на здравствената установа.

3) здравствените услуги на осигурените лица, да ги пружаат лекари специјалисти со соодветна лиценца за работа, вработени во природното лекувалиште.

4) да се вклопува со потребите на населението на подрачјето на здравствената установа;

5) да се платени придонесите за задолжително здравствено осигурување;

6) да негува добри деловни односи.

Договорите од став 1 и 2 на овој член Фондот ги склучува, во согласност со мрежата која ја утврдува Владата на РСМ по предлог на Министерство за здравство, а по доставена понуда за склучување на договор од страна на природното лекувалиште заедно со потребна придружна документација.

Склучување на договорот

Член 3

Со договор склучен меѓу Фондот и природното лекувалиште во мрежата на здравствени установи за обезбедување и извршување на здравствени услуги на осигурените лица во специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување и специјалистичко консултативна здравствена заштита, се регулираат односите и се утврдува видот и обемот, квалитетот, начинот и роковите за остварување на договорените здравствени услуги, референтни цени, начин и рокови на плаќање, контрола на спроведувањето на договорот, права и обврски на договорните страни, договорни казни и услови за раскинување на договорот, како и други прашања кои се однесуваат за уредување на меѓусебните односи помеѓу договорните страни.

Договорот се склучува за дејности кои природното лекувалиште ги врши согласно Решението за дозвола за работа и/или Договор за лиценца за вршење на здравствена дејност во мрежата на здравствени установи и образец за дејности потпишан од директорот на природното лекувалиште.

Договорот се склучува за период од една или повеќе години. Природното лекувалиште за целиот период на важење на договорот треба да има важечка лиценца за вршење на здравствената дејност во мрежата на здравствени установи, согласно со прописите од областа на здравствената заштита.

Здравствени услуги по дејности за кои се склучува договор

Член 4

Здравствената дејност ја опфаќа специјализираната медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување и специјалистичко консултативната здравствена заштита, која се остварува во природното лекувалиште.

Член 5

Природните лекувалишта пружаат здравствени услуги од специјализираната медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување и специјалистичко консултативна здравствена заштита.

Како здравствени услуги во смисла на овој правилник, се сметаат основните здравствени услуги од член 9 став 1 под б) специјалистичко-консултативната здравствена заштита точка 2 од Законот за здравственото осигурување (во натамошниот текст: Закон).

II. УТВРДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ

Појдовни основи за утврдување на надоместокот

Член 6

Надоместокот се утврдува согласно Одлуката за утврдување на критериуми на договорен надоместок (буџетот) на здравствените установи, во рамките на Планот и програмата за здравствени услуги и Буџетот на Фондот утврдени за таа намена. Утврдениот надоместок се смета како договорен надоместок за специјализираната медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување и специјалистичко консултативната здравствена заштита, за секоја година пооделно во периодот на важење на договорот. Во надоместокот не е пресметано учеството на осигуреното лице (партицијата) кое е приход на природното лекувалиште како здравствена установа.

Договорниот надоместокот на природното лекувалиште во согласност со дејноста за која има склучено договор се утврдува според:

1. Остварената вкупна вредност на видот и обемот на здравствени услуги во првото, второто и третото тромесечје и проекцијата за четвртото тромесечје од претходната година во специјалистичко – консултативна здравствена заштита, по утврдени пакети на здравствени услуги и утврдени референтни цени;

2. Остварената вкупна вредност на видот и обемот на здравствени услуги во првото, второто и третото тромесечје и проекцијата за четвртото тромесечје од претходната година во специјализираната медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување, по утврдени пакети на здравствени услуги и утврдени референтни цени;

3. Согласно расположливите средства во буџетот на Фондот за таа намена.

Член 7

Врз основа на критериумите наведени во членот 7 на овој Правилник, се утврдува вкупен надоместок на природното лекувалиште во кој се опфатени сите потребни трошоци за лекови, медицински и друг потрошен материјал потребен за целосно извршување на здравствената услуга на осигурените лица, како и трудот на вработените.

Висината на вкупниот договорен надоместок се утврдува со Одлука на Управниот одбор на Фондот, за специјализираната медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување и специјалистичко консултативната здравствена заштита одделно, за период јануари- декември во тековната година.

Ревидирање на договорниот надоместок може да се врши при промена на расположливите средства во буџетот на Фондот за таа намена.

Ревидирањето исто така, може да се врши со прераспределба на средствата од неостварената вкупна вредност на договорениот вид и обем на здравствени услуги (намалување), од одредени природни лекувалишта на природни лекувалишта кои остварile поголема вредност од договорениот надоместок (зголемување) од променливиот дел. Прераспределбата на променливиот дел, може да се врши врз основа на анализа на остварувањето на договорениот вид и обем на шест месеци, како и со можност за ревидирање за третиот квартал, врз основа на податоци со кои располага Фондот.

Планирање на видот и обемот на здравствените услуги

Член 8

Како вид и обем на здравствени услуги, се сметаат здравствени услуги кои природните лекувалишта ги обезбедуваат на осигурените лица според вид и обем на здравствени услуги во тековната година, прикажани како завршени специјалистичко-консултативни здравствени услуги и како останати болнички услуги.

Видот и обемот на здравствените услуги опфатени со основниот пакет од дејноста за која има дозвола за работа од Министерството за здравство, природните лекувалишта ги обезбедуваат на товар на средствата на Фондот и ги понудуваат со план за секоја дејност поодделно, за секоја година за периодот за кој се склучува договорот.

Плановите за видот и обемот на здравствени услуги на природните лекувалишта за специјалистичко-консултативна здравствена заштита и специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување задолжително, се усогласуваат со утврдениот договорен надоместок за секоја дејност и година во периодот на важење на договорот.

Преговори

Член 9

За утврдување на надоместоците Фондот организира преговори со природните лекувалишта.

За потребите на преговорите Фондот може да бара, од природните лекувалишта да достават дополнителни податоци за воведување на нови здравствени услуги со примената на нови методи во лекување, кадар, опрема и друго, за да се обезбедат неопходни информации за определување на надоместокот.

Распределба на надоместокот

Член 10

Висината на вкупниот договорен надоместок се утврдува за специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување и специјалистичко консултативната здравствена заштита одделно, за период јануари - декември во тековната година.

Следење на резултатите од извршената работа

Член 11

За следење на успешноста на работењето во природните лекувалишта може да се користат следните индикатори:

а) специјалистичко консултативна здравствена заштита

- задоволство на осигурени лица и
- количник (однос) на бројот на првите и повторените амбулантски прегледи односно пакети на здравствени услуги;
- број на упати од здравствената установа до друга здравствена установа од иста дејност (преупатување).

Природните лекувалишта известувањето за резултатите од извршената работа за наведените индикатори ги доставува до Фондот еднаш во годината со извештаи прикажани по квартали.

Начин на искажување на извршени здравствени услуги

Член 12

Здравствените услуги од специјалистичко консултативна здравствена заштита се искажуваат според референтни цени на пакети на завршени здравствени епизоди на лекување и референтни цени на завршени специјалистичко консултативни здравствени услуги.

Пакетите претставуваат групи на збирни здравствени услуги упросечени како најчесто групирани услуги, врз основа на упатствата за практикување на медицина заснована на докази, по упат на избран лекар/специјалист/супспецијалист.

За специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување се утврдени референтни цени на пакети на здравствените услуги врз основа на Методологија за утврдување на референтни цени на здравствени услуги, останатите болнички здравствени услуги.

Референтните цени на здравствените услуги во специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита се утврдуваат со Одлука на Управниот одбор на Фондот.

Доколку дојде до промена на Одлуката за утврдување на референтни цени на здравствени услуги за специјалистичко - консултативна здравствена заштита и специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување, ќе се применуваат референтните цени утврдени со измените и дополнувањата на Одлуката.

Член 13

Вкупниот надоместок како максимално утврден договорен надоместок за обезбеден вид и обем на здравствени услуги, на природното лекувалиште се исплатува согласно месечната фактура за извршени здравствени услуги.

Здравствената установа до подрачната служба на Фондот доставува фактура за извршени пакети на здравствени услуги по дејности, по референтни цени и по референтни цени на завршени здравствени услуги во специјалистичко-консултативна здравствена заштита.

Фактурите се доставуваат до висината на утврдениот договорен квартален надоместок и пресметана партиципација. За услугите извршени над износот на договорениот квартален надоместок, остварениот вид и обем на здравствена услуги се искажува на посебен образец кој претставува статистички податок за договарање на видот и обемот на здравствени услуги за наредната година по дејности кој служи за евиденција и анализа при утврдување на договорениот надомест во наредниот период. Искажаните услуги во образецот не се предмет на плаќање.

Аконтативна исплата на утврдениот месечен надоместок во услови на постоење на вонредна состојба

Член 14

Во услови на постоење на вонредна состојба, Фондот врши аконтативна исплата на средства од утврдениот годишен надоместок, врз основа на донесена одлука од Управниот одбор на Фондот.

Користење на средствата во здравствената установа

Член 15

Со средствата остварени според овој правилник, природното лекувалиште располага самостојно.

Природното лекувалиште е должно за вршење на здравствените услуги на осигурените лица да обезбеди лекови според Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот, помошни медицински материјали, санитетски и други потрошни материјали потребни за целосно завршување на здравствените услуги за одредено заболување согласно медицина заснована на докази.

Член 16

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство, а ќе се применува сметано од 01.01.2020 година.

Бр. 02-7603/3
1 јуни 2020 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Дејан Николовски, с.р.